

**ПОКЛОНЕНИЈА ПРЕД ГРОБОТ НА СВЕТИ КИРИЛ ВО РИМ**

***По повод 1100-годишниот јубилеј за свети Кирил Солунски, Македонската академија на науките и уметностите и Универзитетот во Скопје, со Советот на академиите на СФРЈ и Заедницата на југословенските универзитети, на 14 февруари 1969 година на гробот на светиКирил положија посребрен венец. Текстот го потпиша претседателот на МАНУ - Блаже Конески и ректорот на Универзитетот во Скопје - Благоја Попов.***

По повод 1100-годишнината од смртта на свети Кирил, големиот учител и просветител, творецот на словенската азбука, во зградата на Македонската архиепископија беше одржана свечена академија. На академијата присуствуваа најеминентни претставници на општествениот и културниот живот на СР Македонија, како и претставници на верски и други организации.

Јубилејните свечености започнаа со архијерејска богослужба во црквата *„Свети Димитрија"* во Скопје. Светата литургија ја служеше поглаварот на Македонската православна црква, архиепископот охридски и македонски г. Доситеј, во сослужение на нивните високопреосвештенства: митрополит Наум, митрополит Методиј и митрополит Кирил, повеќе протојереи, протоѓакони и ѓакони.

На крајот од службата Божја, поглаварот на Македонската православна црква Неговото блаженство митрополитот охридски и македонски г. Доситеј одржа беседа, во која, меѓу другото рече:

*„Свети Кирил заедно со својот брат свети Методиј ги удрија темелите на словенската писменост, составувајќи ја првата азбука за превод на богослужбените книги на словенски јазик со една возвишена цел - ширење и утврдување на православната вера во словенските краишта. Животот на свети Кирил беше, всушност, тешка борба против „ триезичната ерес" – мислење дека на Бога можело да му се служи само на грчки, еврејски и латински јазик.*





[illegible]



**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**